РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ВАСИЛЕВО
Бр. 04-547/18
28.05.20 21 год.
Василево

Василево 2411 Василево
**Телефон**: 034/354-444
**Факс**: 034/353-007
**E-mail:** opstina_vasilevo@yahoo.co.uk
gradonacalnik@opstinavasilevo.gov.mk
**Web:** www.opstinavasilevo.gov.mk

**ОПШТИНА ВАСИЛЕВО**

---

Врз основа на член 45 од Законот за административни службеници (Службен весник на РМ бр. 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 05/2016, 142/16 и 11/18) и (Службен весник на РСМ бр. 275/2019 и 14/2020), Конечната ранг-листа на кандидати и Предлогот за вработување на кандидати по јавен оглас 145/2021 број 10-902/7 од 27.05.2021 година, Градоначалникот на Општина Василево донесе:

## ОДЛУКА
## за невршење избор на кандидат за административен службеник

1.За работно место **Помлад Референт - Комунален редар** во Одделение за комунални работи уредување на градежно земјиште и Локален Економски Развој **НЕ СЕ ВРШИ ИЗБОР.**

2.Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

### Образложение

Врз основа на објавен оглас број 145/2021, на ден 23.04.2021 година во дневните весници „Нова Македонија", „Вечер" и „Лајм" како и на веб страната на Агенцијата за администрација, Комисијата за селекција за вработување по јавен оглас, формирана со Решение бр.10-902/3 од 29.04.2021, спроведе постапката за вработување за работно место УПР 01 01 Г04 000 Помлад Референт - Комунален редар во Одделение за комунални работи уредување на градежно земјиште и Локален Економски Развој.

Комисијата за селекција за вработување по јавен оглас ја спроведе првата фаза од постапката за селекција за вработување-административна селекција, за што состави записник од извршената административна селекција за административен службеник бр.10-902/4 од 10.05.2021 година.

На ден 26.05.2021 година ја спроведе втората фаза од постапката за селекција за вработување-испит за административна селекција за што состави записник од спроведениот испит за административен службеник бр. 10-902/5 од 26.05.2021 година и на ден 27.05.2021 година ја спроведе последната фаза од постапката-проверка на веродостојноста на доказите и интервју, за што состави Записник од спроведената проверка за веродостојноста на докази и интервју за административен службеник бр.10-902/6 од 27.05.2021 година.

Врз основа на член 44 од Законот за административни службеници, до Општина Василево од страна на Агенцијата за администрација

доставена е Конечна ранг листа на кандидати од сите фази на селекција за вработување и Предлог за вработување на кандидати по јавен оглас 145/2021, број 10-902/7 од 27.05.2021 година.

Во предлогот за вработување на кандидати по јавен оглас 145/2021 година за работното место УПР 01 01 Г04 000 Помлад Референт - Комунален редар во Одделение за комунални работи уредување на градежно земјиште и Локален Економски Развој, нема соодветен кандидат Турчин(ка) кој се предлага за вработување.

Врз основа на горенаведеното се одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**Правна поука**: Против оваа Одлука може да се поднесе жалба до Агенција за администрација во рок од осум дена од денот на објавувањето на одлуката на веб страната и на огласната табла на Агенцијата за администрација.

Општина Василево
Градоначалник,
Марјан Јанев

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ОПШТИНА ВАСИЛЕВО ГРАДОНАЧАЛНИК ВАСИЛЕВО